**Прашања и одговори поставени на Информативна сесија од 04.07.2022 по повод отворениот повик за доделување грантови за поддршка за развој на нови и постојни социјални претпријатија во рамки на проектот „Поддршка на Социјалните Претпријатија следејќи го принципот – Не оставај никој зад себе" и по електронска пошта**

**Прашање:**

Дали ако добитникот на грантот (апликантот) е тим (неформална иницијатива) чиј предлог проект ја поминал фазата на селекција, договорот за грант ќе се потпише откако е основан правен ентитет кој е подобен на критериумите дефинирани во повикот?

**Одговор:**

Да, договорот може да се потпише само со правен ентитет.

**Прашање:**

- Dokolku može da angažirame lica so pomalku možnosti so dogovor na delo (so isplata preku avtorska agencija), dali može da se angažiraat 2 lica so bruto mesečen nadomest od po 200 EUR mesečno?
- Dali angažiranoto lice/lica mora da bidat vo kontinuitet angažirani 9-10 meseci? Ili, može da se angažiraat poveke lica vo pokratko rok (na primer 3 lica po 3-4 meseci)?

**Одговор:**

Погледнете ја точка 2 од Повикот:
2. Како резултат на активностите поддржани со доделениот грант...
Вработување на ранливите групи граѓани преку создавање нови и одржливи работни места

**Прашање:**

- Kolku što znam, vo tek e definiranje na 'uslovite' koja organizacija može da se stekne so statusot 'Socijalno pretprijatie'; Dali ste sigurni deka (po eventualno odobruvanje na sredstva), Organizacijata može vo rok od 1 mesec da se registrira kako Socijalno pretprijatie?

**Одговор:**

Во случај ако биде изгласан и ставен во функција Законот за социјално претприемништво, апликантот чиј предлог ја поминал фазата на селекција и му се доделени финансиски средства, должен е да изврши пререгистрација како Социјално претпријатие во согласност со Законот.

**Прашање:**

- Dokolku aplicirame za 15,000 EUR so proekt koj sto bi se sproveduval 10 meseci, togas: 4,500 EUR (30%) bi bile nameneti za Proekten menadzment, 4,000 EUR bi bile nameneti za plati na lica od ranlivi kategorii, 1,000 EUR (7%) bi bile nameneti za indirektni trosoci... i 4,500 EUR ke ostanat za investiranje vo ekonomska aktivnost koja što treba da obezbedi odrzlivost od 3 godini... Taka?

**Одговор:**

30% за Проектниот менаџмент е максималниот износ кој може да се предвиди во Буџетот за оваа ставка.
400 евра/месечно по лице за вработување на лица од ранливите категории наведени во повикот се одвоен износ од вкупниот буџет на аплицираниот проект. Разгледајте го појаснувањето во Анекс 2: Формулар за буџет за ставка 7 - „****** Трошоци за вработување на лица од ранливи категории - Овие трошоци се додаваат дополнително на вкупната сума на проектот и се одвоени од минималниот и максималниот износ на проектот"

**Прашање:**

- Dokolku Organizacijata/Združenieto ima Status na Organizacija od Javen Interes (OJI), dali toa ke bide zemeno vo predvid pri razgleduvanje na proektnite aplikacii?

**Одговор:**

4. Критериумите за подобност кои апликантот треба да ги исполни се:
• да е здружение на граѓани основано согласно Законот за здруженија на граѓани, регистрирано во Централниот Регистар на Република Северна Македонија
• да е трговско друштво основано согласно Законот за трговски друштва и/или Законот за вработување на лица со попречености и регистрирано во Централниот Регистар на Република Северна Македонија
• да е задруга основана во согласност со Законот за задругите или Законот за земјоделските задруги, регистрирани во Централниот Регистар на Република Северна Македонија

• да е занаетчија или група занатечии основани согласно Закон за занаетчиството, регистрирани во регистар на Комора на занаетчии;
• неформални иницијативи (тимови)

**Прашање:**

- Дали се дозволени трошоци за закуп на простории за работа?
- Дали се дозволени режиски трошоци ( Струја, Вода, греење)? - Постои ли можност за кофинансирање на под проектот?
- Дали ентитетите што ќе ги имплементираат под проектите ќе ќе бидат ослободени од ДДВ? Ако добро разбрав, ова прашање остана да го објавите на вашата веб-страна. Во таков случај, прашањето би било, кога мислите дека ќе биде направена објавата?
- На каков начин ќе се регулира вработувањето на лица од ранливи категории и колку лица по под проект ќе може да се вработат?

**Одговор:**

Ви препорачуваме подетално да го погледнете Анекс 2: Формулар за буџет – Буџетските ставки 3, 5 и 6.
Да, ентитетите кои ги имплементираат проектите ќе бидат ослободени од ДДВ.
Вработувањето на лица од ранливи категории ќе се регулира според законските прописи кои можете да ги најдете на веб страницата на **Министерство за труд и социјална политика**
**Закони од областа на трудовото законодавство**
https://mtsp.gov.mk/zakoni.nspx
**и АВРМ**
https://av.gov.mk/zakoni.nspx

**Прашање:**

Ние сме Заштитно друштво за вработување на инвалидни лица за трговија на големо и мало застапништво и останати услиги со промет од 800.000 (осумстотини илјади) евра приходи од предходната година. Дали имаме право да аплицираме за повикот со референтен број IPA/2021/428-202.

**Одговор:**

Во случај кога како апликант се јавува трговско друштво, тоа треба да ги исполнува следните критериуми:

- Годишните приходи да не надминуваат 500.000 евра во денарска противвредност, според завршна сметка за претходната година;
- Просечниот број на вработени да не надминува 50 лица;
- Да не е поведена стечајна постапка или постапка на ликвидација

**Прашање:**

сакам објаснување за вработвањето на 9 лица за 10 месеци ќе ме чини околу 45 000 евра а добивам донација од 17 000 евра

**Одговор:**

Погледнете го одговорот на слично прашање даден погоре.

**Прашање:**

Во повикот за грантови за развој на социјалното претприемништво стои дека е можно аплицирање од страна на трговски друштва, дали е можно аплицирање и од трговец поединец? Доколку не е, дали е возможно доколку се изгласа закон за социјално претприемништво од веќе постоечкото претпријатие само подружницата која ќе работи со дејноста поврзана со проектот да се конвертира во социјално претпријатие?

**Одговор:**

Да, може да аплицирате како трговец поединец.

**Прашање:**

Ви пишувам во врска со повикот за грантови преку ЦеПроСАРД- IPA/2021/428-202
Пред да превземам било каква акција за пишување на проектот како занаетчија чевлар, сакам да знам дали сум соодветен кандидат? Ги прочитав сите критериуми, според брошурата исполнувам се за да аплицирам, но читајќи го Анекс 1-формуларот за апликација, добив впечаток дека можда повикот е наменет за друг вид на занаетчии.

**Одговор:**

4. Критериумите за подобност кои апликантот треба да ги исполни се:
• да е здружение на граѓани основано согласно Законот за здруженија на граѓани, регистрирано во Централниот Регистар на Република Северна Македонија

• да е трговско друштво основано согласно Законот за трговски друштва и/или Законот за вработување на лица со попречености и регистрирано во Централниот Регистар на Република Северна Македонија
• да е задруга основана во согласност со Законот за задругите или Законот за земјоделските задруги, регистрирани во Централниот Регистар на Република Северна Македонија
• да е занаетчија или група занатечии основани согласно Закон за занаетчиството, регистрирани во регистар на Комора на занаетчии;
• неформални иницијативи (тимови)

„Анекс 1: Формулар за аплицирање" ги покрива сите пет модели за аплицирање.

**Прашање:**

Во врска со објавениот повик, ве молам за информација дали може да аплицира компанија? Благодарам.

**Одговор:**

Ви го посочувам одговорот на прашањето погоре – точка 4 од Повикот.

**Прашање:**

1. Дали набавка на ново возило е прифатлив трошок?
2. Дали набавка на поволно возило е прифатлив трошок?
3. Дали надградба на возило со опрема за мобилна кујна е прифатлив трошок?
4. Дали постои праг на износ за набавка на опрема над кој ќе бидат потребни достава на повеќе понуди?

**Одговор:**

Проектот се изведува во согласност со документот на ЕУ:
https://intpa-econtent-public.s3.eu-west-1.amazonaws.com/ePrag/2020.0/ePrag-en-2020.0-full.pdf
CONTRACT PROCEDURES
FOR EUROPEAN UNION EXTERNAL ACTION
A practical guide
Соодветно набавките се изведуваат според насоките во делот 2.6 Procurement procedures, како и според анексот e3h3_awardproc_en од Анексите https://intpa-econtent-public.s3.eu-west-1.amazonaws.com/ePrag/2020.0/prev-en-2020.0.zip

**Прашање:**

5. Дали лицата од неформалниот тим кои би ја поднеле проектната апликација, доколку нивната идеја е избрана за ре-грантирање, истите лица ќе треба да бидат и носители на новоформираното правно лице?

**Одговор:**

Зависи од Вашите персонални решенија и законските одредби според кои ќе биде формирано правното лице.

**Прашање:**

6. Дали трошоци поврзани со регистрација на фирма, фискална каса, сметководство, издавање дозволи за работа, и сл., се сметаат за прифатливи трошоци? Ако Да, во која категорија на трошоци да бидат претставени во финансиската рамка?
7. Кои трошоци се сметаат за индиректни трошоци?

**Одговор:**

Ви препорачуваме подетално да го погледнете Анекс 2: Формулар за буџет – Буџетските ставки 3, 5 и 6.

Според Annex II Grant Contract - General Conditions
The indirect costs for the action are those eligible costs which may not be identified as specific costs directly linked to the implementation of the action and may not be booked to it directly according to the conditions of eligibility.
Maximum 7 % of the final amount of direct eligible costs of the action established in accordance with Articles 14 and 17 of Annex II, may be claimed as indirect costs.

**Прашање:**

8. Дали Проект Менаџерот може да биде вработен на скратено работно време (part-time) или преку договор на дело?

**Одговор:**

Вработувањето на Проектниот менаџер, и условите под кои ќе биде вработен зависи од Вашите деловни решенија.

**Прашање:**

9. Дали е потребно сопствено финансирање? Ако Да, во кој дел на апликацијата и буџетот да се наведе?

**Одговор:**

Не се бара кофинансирање на проектната апликација.

**Прашање:**

1. Дали набавка на опрема треба да оди со отварање на тендерска /процедура и дали мора да се набави од правно лице во Македонија?
2. Има ли простор за набавка на опрема од физичко лице?
3. Има ли простор за набавка на опрема од држава надвор од Македонија, на пример Кина?

**Одговор:**

Проектот се изведува во согласност со документот на ЕУ:
https://intpa-econtent-public.s3.eu-west-1.amazonaws.com/ePrag/2020.0/ePrag-en-2020.0-full.pdf
CONTRACT PROCEDURES
FOR EUROPEAN UNION EXTERNAL ACTION
A practical guide
Соодветно набавките се изведуваат според насоките во делот 2.6 Procurement procedures, како и според анексот e3h3_awardproc_en од Анексите https://intpa-econtent-public.s3.eu-west-1.amazonaws.com/ePrag/2020.0/prev-en-2020.0.zip

**Прашање:**

Сакав да прашам во однос на следнава точка од документацијата на повикот:
- Висината на финансиска поддршка за вработување на лице од ранливите групи е 400 евра месечно/бруто, во траење од 10 месеци (9 лица).
Дали ова значи дека како дел од проектната апликација може да наведеме вработување на 0-9 лица со попреченост?
Каков документ треба да доставиме за лицето со попреченост за да го валидира како такво и кога / на кого тоа треба да биде доставено?

**Одговор:**

Да, во проектната апликација можете да наведете 0-9 лица за вработување од ранливите групи. Потребните документи се според законските прописи кои можете да ги најдете на веб страницата на **Министерство за труд и социјална политика**
**Закони од областа на трудовото законодавство**
https://mtsp.gov.mk/zakoni.nspx
**и АВРМ**
https://av.gov.mk/zakoni.nspx

**Прашање:**

Би сакала исто така да прашам колкав треба да биде бројот на вработени кое едно претпријатие треба да ги вработи и дали истото претпријатие треба да направи пререгистрација во социјално претпријатие (така нешто разбрав во видеото) или може да ја обавува својата основна дејност плус да обавува активности како социјално претпријатие.
Не сум запознаена како тоа законски функционира
Postoi moznost da se alicira na povikot i preku zdruzenie. Dali Istoto e obvrzano da se transformira vo SP , da osnova podruznica koj ake ja obavuvaa aktivnosta i sl. Ne mi se poznati ovie raboti.

**Одговор:**

За првиот дел од прашањето погледнете го одговорот погоре.
Во случај ако биде изгласан и ставен во функција Законот за социјално претприемништво, апликантот чиј предлог ја поминал фазата на селекција и му се доделени финансиски средства, должен е да изврши пререгистрација како Социјално претпријатие во согласност со Законот.

**Прашање:**

Како информација за за апликацијата, како Црвен крст, ОО Битола имаме развиено социјално претпријатие со едно лице ангажирано кое сме со амбиција за проширување и дополнително ангажирање на лица од социјално загрозена категорија во нашиот случај работиме со лица бездомници...
Дали на овој повик можеме да аплицираме за развој на истото претптијатие или да формираме нов сектор или гранка на работа?
и второ прашање, во делот на чек листата има документ од ревизија, не е пракса на општинските организации ревизиски извештај поради високата цена на чинење
Дали може да планираме да аплицираме без ревизиски извештај?

**Одговор:**

За првиот дел од прашањето веќе се наведени погоре:
4. Критериумите за подобност кои апликантот треба да ги исполни
За вториот дел од прашањето во Анекс 5: Листа на проверка, во делот – Други документи имате ставка - Копија од ревизорски извештај за 2021 година (опционо)